Македонија

Врз основа на член 14 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, Управниот одбор на ГС1 Македонија, на XXXVI-та седница одржана на 14.12.2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на висината на пристапнината, членарината и надоместокот за користење на ГС1 бројот

Член 1.

Висината на пристапнината, членарината и надоместокот за користење на ГС1 бројот во ГС1 Македонија изнесуваат:

/во денари/

| Категорија на членки | Капацитет на баркодирање /Број на Артикли/ | Пристапнина без ДДВ 18% | Членарина без ДДВ 18% | Надомест за ГС1 број со ДДВ18% | Вкупно за прва година (3+4+5) | Секоја наредна година (4+5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (7) |
| Членки без ГС1 број | - | 15.000 | 4.500 | - | 19.500 | 4.500 |
| Членки со ГС1-13 број | 10 | 15.000 | 4.500 | 720 | 20.220 | 5.220 |
| | 100 | 15.000 | 4.500 | 4.130 | 23.630 | 8.630 |
| | 1.000 | 15.000 | 4.500 | 10.030 | 29.530 | 14.530 |
| | 10.000 | 15.000 | 4.500 | 18.290 | 37.790 | 22.790 |
| | 100.000 | 15.000 | 4.500 | 26.550 | 46.050 | 31.050 |
| Членки со ГС1-8 број | по артикал | - | - | 2.620 | 2.620 | 2.620 |

Член 2.

Пристапнината се уплатува еднократно, при зачленувањето, а членарината и надоместокот за користење на ГС1 бројот се уплатува за секоја година на членување во ГС1 Македонија и користење на ГС1 бројот.

На пристапнината и членарината не се наплатува ДДВ од 18%.

На износот на надоместокот за користење на ГС1 бројот се наплатува ДДВ од 18%.

Сите горе наведени износи се уплатуваат на жиро сметката на ГС1 Македонија 200002024739774 - депонент Стопанска банка АД-Скопје.

Член 3.

На барање на членката за проширување на капацитетот за баркодирање од било кој опсег (од 10 на 100, од 100 на 1.000, од 1.000 на 10.000, од 10.000 на 100.000 баркодирани артикли), се издава нов Единствен матичен ГС1 број. Членката е должна да ги подмирува обврските по основ на годишна членарина и надоместокот за користење на ГС1 бројот за сите доделени ГС1 броеви.

Член 4.

Членките кои имаат 2 или повеќе пакети ја плаќаат членарината со првата годишна фактура и тоа 7000 денари за два пакети, 10500 денари за три пакети, 14000 денари за четири пакети.

Член 5.

Во сите случаи на преземање на Единствениот матичен ГС1 број за баркодирање од друга фирма, дополнителната услуга за подготовка на комплетната документација изнесува 8.000 денари плус ДДВ од 18%.

Член 6.

По барање на членката како дополнителна услуга, изработката на повеќе примероци на оригинална Плакета за Акредитација изнесува 200,00 денари по примерок, а изработката на Плакета за Акредитација со рамка изнесува 750,00 денари. На услугата се наплатува ДДВ од 18%.

Член 7.

По барање на членката како дополнителна услуга, секое повторно издавање на оригинално Решение за доделениот Единствен матичен ГС1 број изнесува 620,00 денари, плус ДДВ од 18%.

Член 8.

Членката која, согласно член 26 и член 28 од Статутот на ГС1 Македонија е исклучена од членство, доколку повторно сака да се зачлени и го реактивира стариот ГС1 број, должна е да плати двојно повисока пристапнина (30.000,00 денари) и да ги подмири сите заостанати обврски по основ на неплатена членарина и надоместок за користење на ГС1 бројот.

Член 9.

Членката која по исклучувањето и бришењето од регистарот на членки, продолжи неовластено и без акредитација, т.е нелегално да го користи доделениот Единствен матичен ГС1 број, ќе биде правно и законски санкционирана, ќе го подмири надоместокот на штета во износ од 100.000 денари, а ГС1 Македонија ќе ги извести надлежните инспекциски органи, големите дистрибутивни куќи, големите синџири маркети и ќе објави на web сајтот на ГС1 Македонија и во Мегународниот регистар GS1 Registry.

Член 10.

Оваа одлука влегува во сила од 01.01.2024 година и ќе биде објавена на web сајтот на ГС1 Македонија.

Бр. 02-165/6
14.12.2023 година
Скопје

Претседател на Управниот одбор
на GS1 Македонија
Никола ДИМОВСКИ